**20150481863**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 24 март 2015 година.

Бр. 08 – 1388/1
24 март 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ**

Член 1

Во Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 142/2008, 64/2009, 156/2009, 166/10, 53/11, 185/11, 44/12, 15/13, 91/13, 170/13, 97/14, 113/13, 180/14, 188/14 и 20/15), во членот 4 точка 17 сврзникот “и“ на крајот од реченицата се заменува со точка запирка.

Во точката 18 точката на крајот од реченицата се брише и се додава сврзникот “и“.

По точка 18 се додава нова точка 19, која гласи:

„19. „Друг договор“ претставува секој вид на договор или друг акт, без оглед на нивната форма и вид, со кој се определува надоместок за извршување на физичка и/или интелектуална работа, вклучувајќи и извршување на функција на именувано или избрано лице, управител или членување во орган на управување и надзор во трговски друштва, орган на управување и надзор на државни и јавни институции и установи (агенции, дирекции, фондови, регулаторни тела, јавни претпријатија, институти, заводи и слично), учество и членување во други органи, одбори, совети, комисии, комитети, установи, тела и слично.“

Член 2

Во членот 7 став (1) точката 1-а) се брише.

Во точката 13) зборовите: „за претходната година објавена од“ се заменуваат со зборовите:„по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година според податоците на“.

Член 3

Во членот 10 став (1) точката 1-а) се брише.

Во точката 16) зборовите: „за претходната година објавена од“ се заменуваат со зборовите: „по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година според податоците на“.

Член 4

Во членот 14 став (1) точката 1-а) се брише.

Точката 15) се менува и гласи:

„разликата меѓу вкупниот износ на остварените надоместоци по договор за дело, авторски договор и/или друг договор во текот на месецот, претходно намалени за признатите трошоци утврдени во Законот за персоналниот данок на доход за авторски договори и износот на минималната плата утврдена со закон, за лицата од член 7 став (1) точка 15 и членот 10 став (1) точка 18 од овој закон;“.

Точката 16 ) се менува и гласи:

„разликата меѓу вкупниот износ на остварените надоместоци по договор за дело, авторски договор и/или друг договор во текот на месецот, претходно намалени за признатите трошоци утврдени во Законот за персоналниот данок на доход за авторски договори, и износот на просечната нето плата по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика, за лицата од членот 7 став (1) точка 13 и членот 10 став (1) точка 16 од овој закон; “.

Ставот (4) се брише.

Во ставот (5) кој станува став (4) зборовите: „во рок од пет дена по приемот на надоместокот“ се заменуваат со зборовите: „до петтиот ден од месецот за примените надоместоци во претходниот месец“.

Ставот (6) станува став (5).

Член 5

Членот 16 се менува и гласи:

„(1) Највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонесите за примањата од работен однос е износот од дванаесет просечни плати.

(2) Највисока месечна основица за плаќање на придонеси за примањата по основ на договор за дело и/или авторски договор или друг договор со кој е определен надоместок за извршената работа, остварени во тековниот месец е износот од дванаесет просечни плати.

(3) Највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од осум просечни плати.

(4) Највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонеси за тековната година за лице корисник на паричен надоместок за време на привремена невработеност изнесува 80% од просечната плата по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика.

(5) При пресметка на највисоката месечна основица за тековната година се зема предвид просечната плата по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика.

(6) На износот повисок од највисоката месечна основица не се пресметуваат и уплатуваат придонеси.“

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува за пресметка и уплата на придонесите почнувајќи од март 2015 година.